РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2978/9
18.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 10.07.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Луција Ѓурковиќ, Весна Симоновска, Маја Дамевска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.07.2024 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување на Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.
3. Предлог–одлука за престанување на важење на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија.
4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ од Кавадарци.

5. Предлог за одобрување на финансиски средства за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“.
6. Предлог–одлуки за исплата на надоместок за смрт на член на семејство на тројца вработени во Стручната служба на Агенцијата.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои предложениот Записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.07.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување на Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица. Објасни дека неофицијално добил информација дека во текот на месец јуни овој радиодифузер ги отпуштил своите вработени. За да се провери состојбата, на 10 јуни оваа година со допис беше побарано од радиодифузерот во рок од 7 дена да ја достави потребната документација за бројот на вработени, согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Рокот истече на 21.06.2024, но се до денес ТВ КАНАЛ ВИС ги нема доставено документите. Од тие причини согласно Законот се предлага да се започне постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека согласно материјалите постои уште една причина за покренување на постапката, а тоа е затоа што во предвидениот рок радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за дозволата.

Г-дин Трајчевски наведе дека двете причини се поврзани меѓу себе, но и двете водат кон покренување на постапката за одземање на дозволата. Тежината на обврските што ги има со вработувањето и обврските што ги има кон вработените се многу поголеми во однос на надоместокот што треба да го плати кон Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврските:

- од член 62 став 6 од ЗААВМУ и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, согласно констатациите од Писмениот извештај за вонреден административен надзор бр.03-2925/1 од 02.07.2024 година, и

- од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно констатациите од Писмениот извештај за редовен административен надзор бр.05-2943/1 од 04.07.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не ги исполни обврските од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 година.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече радиодифузерот навремено да се информира за крајниот рок до кога треба да се усогласи со обврските од Законот и Правилникот, да ги реши двата проблеми за да не ја изгуби дозволата, и доколку ги реши Советот веднаш ќе ја запре постапката.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог–одлуката за престанување на важење на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија. Објасни дека ова Упатство и измената на Упатството се согласно ЗААВМУ. Но минатата година на 26 јули, кога стапија во сила измените на ЗААВМУ оваа надлежност на Агенцијата беше укината. Тогаш Агенцијата го раскина Договорот во тој момент со Маркет Вижн, кој изработуваше квартални извештаи за Агенцијата и 5 дена пред да биде објавен во Службен весник на РСМ, Агенцијата прати допис до Уставен суд со кој го извести дека Упатството е вон сила. Во таа насока и на веб страницата на Агенцијата се објави соопштение дека Упатството е вон сила. Но, и покрај тоа, Уставниот суд покрена иницијатива за оценување на уставноста на Упатството. Објасни дека заедно со службата имал телефонски разговори со членови од Уставен суд и дел од судиите биле изненадени зошто се покренува постапка кога Упатството е вон сила. Дополнително до нив се прати нов допис дека Упатството е вон сила и што е најчудно од сè, уставноста на ова Упатство е веќе разгледувана во 2019 година каде што судот ја отфрлил иницијативата, а притоа не може еден за еден ист документ да се разгледува уставноста два пати. Во Законот има само еден член, член 6, каде што во еден од ставовите пишува дека Агенцијата врши мерење на гледаноста и слушаноста и нема други членови или ставови во Законот за да се оспори друг член што ја дефинира оваа област. Освен тоа тој став од член 6 е укинат со измените на Законот минатата година. На самата седница за покренување на иницијатива беа претставници од Агенцијата и пред да биде седницата, има беа пратени материјали, посебно на тројца судии со кои имал лична комуникација, плус и г-дин Фиданоски пратил на претседателот на Уставен суд во ПДФ формат, но му било чудно како Уставен суд не ги добил материјалите испратени од Агенцијата дека Упатството е вон сила. Сепак на самата седница е покрената иницијатива. Агенцијата сè уште не го добила документот дека е поведена е постапка. Објасни дека добил информација од Цветанка Митревска, раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки дека разговарала со судијата известител каде и било кажано Советот на Агенцијата да донесе акт со кој се става вон сила Упатството и потоа

да се извести Уставниот суд за Одлуката, за да ја запрат постапката. Во таа насока се одлучи да не се чека дописот кој сè уште не го добила Агенцијата и поради летните одмори може да пристигне во септември.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека и било кажано дека штом ја добијат Одлуката дека престанува важењето на Упатството, ќе закажат нова седница и ќе ја запрат постапката.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе го поддржи предлогот да се донесе оваа Одлука и да му се помогне на Уставниот суд да ја расчисти оваа дилема која што не треба да биде дилема. Бидејќи Упатството кое го донесе Советот, иако веќе една година не е во важност согласно Законот, треба да ја донесе и Одлуката за престанување на важење на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите .

Г-дин Фиданоски се изјасни дека ќе даде поддршка за предлог-одлуката со што ќе се прекине одисејата да се провлекува оваа работа подолго време. Според него е беспредметно сè уште да е на дневен ред и да се оценува по поднесена иницијатива од пред три и повеќе години. Како што кажал г-дин Трајчевски, не е исклучено иако се согласува и го радува тоа што го кажала раководителката Цветанка Митревска, не е исклучено заради одредени административни процедури и начин на работење, да се дочека известувањето на есен најрано, затоа вака превентивно Агенцијата ќе ја донесе Одлуката и ќе им ја достави за да се запре таа постапка. Доколку се прашува, негово лично мислење е дека мерењето на гледаноста и слушаноста никогаш не требаше да биде надлежност на АВМУ, бидејќи во Европа не е пракса тоа да го прави регулаторот, тоа е работа на еснафот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за престанување на важење на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.198/14 и 219/15), со текст како што беше предложена одлуката.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ“ и на веб страната на Агенцијата.

Горенаведената Одлука да се достави до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Помошник раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права Луција Ѓурковиќ ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ од Кавадарци. Објасни дека на 14-ти мај, РА Кавадарци преку полномошник адвокат ја извести Агенцијата дека бара согласност за вршење на делумен пренос на удел од сопственоста на радиодифузерот. Со РА Кавадарци, поточно со лицето кое е полномошник за водење на постапката околу промената на сопственоста, Секторот комуницирал повеќе пати и писмено и телефонски, за да достават уредно и комплетно известување за промена на сопственичка структура. Барањето е 30% од уделот на физичкото лице да се пренесе на друго физичко лице. За да се испита дали со оваа промена се создава недозволена медиумска концентрација, се изврши проверка во интернет дистрибутивниот систем на

Централниот регистер со што се констатира дека не постојат законски пречки физичкото лице да се стекне со удел во сопственоста на РА Кавадарци. Оттаму се доставува предлог до Советот да се одобри бараната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ од Кавадарци.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ од Кавадарци, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 46.000,00 денари со пресметан ДДВ 18%, за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", за период од 12 (дванаесет) месеци.

Износот на средствата за пристап до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.

**Точка 6**

- Советот на Агенцијата согласно Предлогот за давање на одобрение за донесување на одлука за исплата на надоместок за смрт на член на семејство на вработен во Стручната служба на Агенцијата, бр.05-2994/1 од 09.07.2024 година и Барањето за надоместок за трошоци по смрт на родител бр.05-2936/1 од 03.07.2024 година, едногласно даде одобрување за исплата на парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство – родител (татко), на работник при Сектор за програмски работи во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), во висина од 15.000,00 (петнаесет илјади) денари.

- Советот на Агенцијата согласно Предлогот за давање на одобрение за донесување на одлука за исплата на надоместок за смрт на член на семејство на вработена во Стручната служба на Агенцијата, бр.05-2994/1 од 09.07.2024 година, и Барањето за исплата на надомест на трошоци поврзани со работата, поради смрт на член на потесно семејство – родител (татко), бр.05-2947/1 од 04.07.2024 година, едногласно даде одобрување за исплата на парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство – родител (татко), на работник при Секторот за правни работи и јавни набавки, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), во висина од 15.000,00 (петнаесет илјади) денари.

- Советот на Агенцијата согласно Предлогот за давање на одобрение за донесување на одлука за исплата на надоместок за смрт на член на семејство на вработена во Стручната служба на Агенцијата, бр.05-2994/1 од 09.07.2024 година, и Барањето за

исплата на надомест на трошоци поврзани со работата, поради смрт на член на потесно семејство – родител (мајка), бр.05-2965/1 од 05.07.2024 година, едногласно даде одобрување за исплата на парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство – родител (мајка), на работник во Секторот за правни работи и јавни набавки, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), во висина од 15.000,00 (петнаесет илјади) денари.

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**